**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Бр.11-139/1**
**13.02.2025 година**
**Гевгелија**

# ИЗВЕШТАЈ
## За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2024 година

### I. Вовед

Со Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2024 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/23, 9/24, 21/24), која се донесува согласно Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21), беа предвидени голем број активности и проекти.

Програмата е донесена на седница на Советот на Општина Гевгелија, одржана на ден 27.12.2023 година, и е објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2023.

Измени и дополнување на Програмата се донесени на седници на Советот на Општина Гевгелија:
- одржана на ден 30.05.2024 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.9/24, и
- одржана на ден 14.11.2024 година, објавени во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.21/24.

Активностите за реализација на Програмата се одвиваа континуирано во текот на целата година, и реализирани се проекти во рамки на расположивите средства.

### II. Планирани приходи

За реализација на предвидените проекти со Програмата, беа предвидени следните извори на финансирање:

1. Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Биро за регионален развој;

1.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;

2. Надоместок за уредување на градежно земјиште;
3. Комунални такси;
4. Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;
5. Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Вкупно во Програмата беа планирани приходи во висина од 28.850.000,00 денари и истите беа искажани по програми и потпрограми и тоа:

| Р.бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| | **J** | | **Комунални дејности** | **28.850.000,00** |
| 1 | | Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 4.450.000,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21.100.000,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.300.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **28.850.000,00** |

Остварените приходи со конкретните износи се прикажани во Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.

## III. Реализирани проекти и расходи за нивна реализација

Остварените приходи, беа наменети за реализација на предвидените проекти во Програмата (Чл. III).

Во наредниот дел е даден преглед на сите планирани средства и реализирани проекти, поделени во повеќе програми и потпрограми:

### 1. Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Ј6*** | ***Ј60*** | | ***ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ*** | ***4.450.000,00*** | ***4.450.000,00*** |
| | | **424320** | **Одржување на улици и патишта** | | **4.450.000,00** |
| | | • | Тековно одржување на улици и општински патишта (договор 2023/24) | | 2.718.908,00 |
| | | • | Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија (договор 2023/24) | | 1.731.092,00 |
| | | **424440** | **Поправки и одржување** | | / |

**Потпрограма Ј60**

- Врз основа на договор од 2023 година за Тековно одржување на улици и општински патишта 2023/2024 година, склучен со изведувачот „ОБНОВА ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Гевгелија, во првата половина на 2024 година изведени се работи во вредност од 3.256.800,00 денари, од кои од оваа потпрограма Ј60 исплатени се 2.718.908,00 денари, а од потпрограмата ЈГ0 – 98.734,00 денари. Изведени се следните работи:
    - Ул.„Ѓорги Велков“ Негорци 305 м 1230,00 м2.
- Врз основа на договор од 2023 година за Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „УРБАН ПАВЕР“ ДОО увоз-извоз Скопје, во периодот 2023/24 година изведени се работи во вредност од 1.924.689,00 денари, од кои од оваа потпрограма се исплатени 1.731.092,00 денарикои не се исплатени. Изведени се следните работи:.
    - Крпење ударни дупки 160 тони
- За Тековно одржување на улици и општински патишта, склучен е договор со изведувачот ПЕЛАГОНИЈА - ТИРИЦ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, бр.03-1248/1 од 03.10.2024 година. По склучување на договорот до крајот на 2024 година изведени се работи во вредност од 2.151.078,00 денари, но до крајот на годината нема исплата. Изведени се следните работи:

- Потпорен ѕид и цокле - ДГ „Сончогледи“ Гевгелија
- Потпорен ѕид, бетонска патека, цокле и скали во с.Давидово
- Улица кај ДГ „Сончогледи“ до раскрсница со ул.„Кожуф“ Гевгелија.

- За Крпење на ударни дупки во Општина Гевгелија, склучен е договор со изведувачот „УРБАН ПАВЕР“ ДОО увоз-извоз Скопје, бр.03-667/1 од 21.05.2024 година. Во втората половина од 2024 година изведени се работи во вредност од 1.061.783,00 денари, но до крајот на годината нема исплата. Изведени се следните работи:.
  - Крпење ударни дупки 56 тони

**Од Програма Ј6 - Одржување и заштита на општински патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај, во текот на 2024 година, исплатени се вкупно 3.500.000,00 денари за изведени работи, набавка на стоки и извршени услуги од 2024 и претходни години.**

## 2. Програма ЈД- Изградба и реконструкција на општински патишта и улици

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| ***ЈД*** | | | ***ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ*** | **21.100.000,00** | ***21.100.000,00*** |
| | **ЈД0** | | **Изградба и реконструкција на општински патишта и улици** | **19.700.000,00** | |
| | | **482110** | **Подготвување на проекти** | | / |
| | | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | | **284.367,00** |
| | | • | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | | 284.367,00 |
| | | **482120** | **Изградба на улици и патишта** | | **19.754.542,00** |
| | | • | Изградба на улици (Договор 2023/24) | | 8.809.262,00 |
| | | • | Реконструкција на улици во општина Гевгелија - договор 2023 | | 1.397.550,00 |
| | | • | Бетонирање на улици во Општина Гевгелија | | 2.000.000,00 |
| | | • | Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) - втора фаза | | 6.318.077,00 |
| | | • | Изградба на пристапен пат до спортско-рекреативен парк „Топлик“ | | 747.955,00 |
| | | • | Расчистување на одводни канали | | 481.698,00 |
| | | **482130** | **Реконструкција на улици и патишта** | | **1.000.000,00** |
| | | • | Реконструкција на улици во општина Гевгелија - договор 2023 | | 1.000.000,00 |
| | | **482920** | **Изградба на други објекти** | | **61.091,00** |
| | | • | Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - втора фаза (водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа | | 61.091,00 |
| | **ЈДА** | | **Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци** | **200.000,00** | / |
| | **ЈДМ** | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Хума** | **200.000,00** | / |
| | **ЈДР** | | **Продолжување на Булевар Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“)** | **1.000.000,00** | / |

### Потпрограма ЈД0

- За Надзор над изградба и реконструкција на објекти, од оваа потпрограма исплатени се вкупно 284.367,00 денари.
- Врз основа на Договор од 2023 година за Изградба на улици во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „ЕУРО ИНГ“ Доо Гевгелија, во првата половина на 2024 година изведени се работи со вкупна вредност од 7.533.250,00 денари. Од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 8.809.262,00

денари, а од потпрограмата ФА0 – 1.000.000,00 денари за работи изведени 2023/2024. Во текот на 2024 година изведени се следните работи.

- Булевар Гевгелија (ул.„Св.Климент Охридски“) Гевгелија - долен строј 150,00 м
- Ул.„Павел Шатев“ оска 2, 3 и 4 Гевгелија (долен строј и тампонирање) 616,71 м
- Ул.„Драгослав Ортаков“ Гевгелија (тампонирање) 134,77 м
- Ул.„Ѓоко Тутушев“ Гевгелија (тампонирање) 262,20 м
- Ул.„Ристо Јанев“ Гевгелија (тампонирање) 80,00 м.

- Врз основа на Договор од 2023 година за Реконструкција на улици во Општина Гевгелија, склучен со изведувачот „ЕУРО ИНГ” Доо Гевгелија, во текот на 2024 година нема изведени работи, а за изведени работи од 2023 година, од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 2.397.550,00 денари (1.397.550,00 од 482120, а 1.000.000,00 од 482130).

- За Бетонирање на улици во Општина Гевгелија (помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки), склучен е Договор бр. 03-479/1 од 21.03.2024 година, со изведувачот „ПЕЛАГОНИЈА – ТИРИЦ“ ДООЕЛ увоз - извоз Гевгелија, во вредност од 14.585.932,80 денари. Работите изведувани во текот на 2024 година, се со вкупна вредност од 7.361.121,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 2.000.000,00 денари. Изведени се следните работи. односно бетонирани се:

  - Патеки во ООУ Владо Кантарџиев 100,50 м2
  - Пазар Миравци 270,00 м2
  - Улици и краци во с.Мрзенци и Мрзенски рид 3064,45 м2
  - Гевгелија летниковци 123,53 м2
  - Улица во с.Ново Конско и патека до црква 454,92 м2
  - Краци во Гевгелија 424,90 м2
  - Улица во с.Прдејци 152,00 м2
  - Улица во с.Негорци 813,60 м2
  - С.Моин простор до домот 317,83 м2
  - Улица во с.Кованец 225,00 м2

- Врз основа на договор за Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) – втора фаза, бр. 03-478/1 од 21.03.2024 година склучен со изведувачот „ЕУРО ИНГ” Доо Гевгелија, во текот на 2024 година работите се целосно завршени со вкупна вредност од 8.318.077,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 6.318.077,00 денари, а од потпрограмата ЈЛ0 – 2.000.000,00 денари. Изведени се следните работи:

  - Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) преку сервисна улица 2 (стар пат Гевгелија-граница) од УПВНМ граничен премин Богородица со изведена сообраќајна лента за исклучување и приклучување на автопат А1 (Е75) - II фаза:
    - должина од 1368,00 м, површина 6600,00 м2

- За Изградба на пристапен пат до спортско-рекреативен парк „Топлик“, склучен е Договор бр. 03-727/1 од 26.04.2023 година, со изведувачот изведувачот „ОБНОВА ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Гевгелија. Работите изведувани во текот на 2024 година се со вкупна вредност од 747.955,00 денари, кои се целосно исплатени од оваа потпрограма ЈД0. Изведени се следните работи:

  - Изградба на пристапен пат до спортско-рекреативен парк „Топлик“
    - должина од 800,00 м, површина 3200,00 м2.

- За Расчистување на одводни канали и расчистување (подигање и изнесување) на градежен шут и комунален отпад од диви депонии во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр. 03-415/1 од

08.03.2024 година, со изведувачот ЕУРОИНГ ДОО Гевгелија. Работите изведувани во втората половина на 2024 година, се со вкупна вредност од 1.487.626,00 денари, од кои од оваа потпрограма ЈД0 се исплатени 481.698,00 денари, а од потпрограма Ј80 - 1.005.928,00 денари.

- Врз основа на договор од 2023 година за Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - II фаза (водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, склучен со изведувачот „ЕУРО ИНГ” Доо Гевгелија, во текот на 2024 година изведени се работи во вредност од 6.011.027,00 денари, за кои од оваа потпрограма ЈД0 исплатени се 61.091,00 денари, а 5.949.936,00 денари од посебна наменска сметка од кредитно задолжување и затоа овие средства не се дел од овој Извештај. Вкупно по договорот во периодот 2023/2024 изведени се следните работи:
  - Изградба на Водовод на ул.„Свети Климент Охридски“:
    - КРАК 1 со должина од 1.260,00 м
    - КРАК 2 со должина од 162,00 м
  - Изградба на Фекална канализација на ул.„Свети Климент Охридски“:
    - КРАК 1 со должина од 610,00 м
    - КРАК 2 со должина од 570,00 м
  - Изградба на Атмосферска канализација на ул.„Свети Климент Охридски“:
    - КРАК 1 со должина од 240,00 м
    - КРАК 2 со должина од 520,00 м
    - КРАК 3 со должина од 195,00 м
    - КРАК 4 со должина од 230,00 м.
- За Изградба (продолжување) на „Булевар Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - III фаза преку Проектот за поврзување на локалните патишта помеѓу РСМ и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, во текот на 2024 година склучен е Договор помеѓу Министерството за транспорт и изведувачот ДПТУ „БИТЕМ“ ДООЕЛ Скопје. Работите се изведуваат 2024/2025 година. Средствата се обезбедени од кредит од Светска банка и затоа овие средства не се дел од овој Извештај, а ќе бидат исплатени 2025 година од страна на Министерството за транспорт. Изведени се следните работи:
  - Булевар Гевгелија (ул.„Св.Климент Охридски“) Гевгелија – III фаза (горен строј и сообраќајна сигнализација)
    - должина од 1232,00 м површина 15491,00 м2.
- За Изградба на сервисна улица „Павел Шатев“ во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр. 03-951/1 од 30.07.2024 година, со изведувачот „ЕУРОИНГ“ ДОО Гевгелија. Работите изведувани во текот на 2024 година, се со вкупна вредност од 3.329.593,00 денари. Средствата се обезбедени од Министерството за локална самоуправа, и истите ќе бидат исплатени 2025 година Изведени се следните работи:
  - Изградба на сервисна улица „Павел Шатев“ во Општина Гевгелија
    - должина од 350,00 м, површина 2932,00 м2.
- За Изградба на улици во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1216/1 од 26.09.2024 година, со изведувачот „БИТЕМ“ ДООЕЛ Скопје, со вредност од 11.452.513,60 денари. Работите се започнати кон крајот на 2024 година и продолжуваат во 2025 година, и нема испплата во текот на 2024 година.
- За Рехабилитација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија, склучен е Договор бр.03-1217/1 од 26.09.2024 година, со изведувачот „БИТЕМ“ ДООЕЛ Скопје, со вредност од 6.901.654,80

денари. Работите се започнати кон крајот на 2024 година и продолжуваат во 2025 година, и нема исплата во текот на 2024 година.

**Од Програма ЈД (потпрограма ЈД0), за изградба и реконструкција на улици и патишта, во текот на 2024 година, исплатени се вкупно 21.100.000,00 денари за изведени работи од 2024 и од претходни години.**

## 3. Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација

| | Потпрограма | Конто | Опис | Планирано | Исплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈФ | ЈФ0 | | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.300.000,00 | 3.300.000,00 |
| | | 482910 | **Подготвување на проекти** | | **1.335.298,00** |
| | | • | Изработка на проектна документација | | 1.335.298,00 |
| | | 482920 | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација Изградба на други објекти** | | **1.964.702,00** |
| | | • | Вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација - набавка на сообраќајни знаци, ознаки и патокази | | 1.964.702,00 |

### Потпрограма ЈФ0

- За изработка на проектна документација од оваа потпрограма ЈФ0 исплатени се 1.335.298.,00 денари.
- Врз основа на Договор за Изведба на вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација за реализација на проект за зонско паркирање и обележување на улици и други јавни површини во Општина Гевгелија, бр.03-1024/1 од 16.06.2023 година склучен со изведувачот „ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, во текот на 2024 година извршени се работи во вредност од 1.728.268,00 денари од кои од оваа потпрограма ЈФ0 исплатени се 1.964.702,00 денари за работи изведени 2023/2024. Изведено е:
    - Хоризонтална сообраќајна сигнализација за реализација на проект за зонско паркирање и обележување на улици и други јавни површини во Општина Гевгелија.

**Од Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација, во текот на 2024 година, исплатени се вкупно 3.300.000,00 денари.**

## IV. Рекапитулација на расходите за 2024 година

Во табелата е дадена рекапитулација на планираните и исплатените средства во 2024 година:

| Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | Планирано | Исплатено во 2024[1] |
|---|---|---|---|
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | |
| Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 4.450.000,00 | 4.450.000,00 |
| ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 21.100.000,00 | 21.100.000,00 |
| ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.300.000,00 | 3.300.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **28.850.000,00** | **28.850.000,00** |

[1] Во вкупната сума „Исплатено во 2024“, влегуваат сите исплати во текот на годината, вклучително и исплатите за реализирани работи од претходните години

## V. Споредба на реализација на Програмата 2023/2024 година

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2024 година, во однос на реализацијата на програмата за 2023 година, е следна:

| | | 2023 | | 2024 | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прог рама | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | Планирано | Исплатено | Планирано | Исплатено |
| | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | | | |
| **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 | 4.450.000,00 | 4.450.000,00 |
| **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.350.242,00 | 24.350.242,00 | 21.100.000,00 | 21.100.000,00 |
| **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.500.000,00 | 1.480.078,00 | 3.300.000,00 | 3.300.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **29.350.242,00** | **29.330.320,00** | **28.850.000,00** | **28.850.000,00** |
| | **Процент на реализација на програмата (планирано/исплатено)** | | 99,93 % | | 100 % |

## VI. Заклучок

За реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2024 година, од планираните 28.850.000,00 денари, исплатени се вкупно 28.850.000,00 денари, што претставува 100% реализација на програмата во однос на планираните средства.

Нереализираните проекти се предвидени во Програмата за 2025 година и нивната реализација, продолжува континуирано во текот на 2025 година, како и исплата на веќе извршените работи……..

Сектор за урбанизам, комунални работи
и заштита на животната средина
Одделение за комунални работи
Раководител
**Здравко Николов с.р**